# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

2012

ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ - СТРУГА Е ГРАЃАНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА КОЈА СЕ СТРЕМИ КОН ПОСТИГНУВАЊЕ ПОДОБАР КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТ ЗА ЖИТЕЛИТЕ НА УРБАНИТЕ И РУРАЛНИТЕ ДЕЛОВИ ОД ОПШТИНА СТРУГА И РЕГИОНОТ И ДОПРИНЕСУВАЊЕ ЗА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ ПРЕКУ СОРАБОТКА СО РАЗЛИЧНИ АКТЕРИ ОД ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА И СОСЕДНА АЛБАНИЈА И ГРЦИЈА.

ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ - СТРУГА РАБОТИ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА МИЛЕНИУМСКИТЕ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ И ГИ ЗАСТАПУВА УНИВЕРЗАЛНИТЕ ПРИНЦИПИ ЗА ОДРЖЛИВ СОЦИО-ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ, МЕЃУЕТНИЧКИ ДИЈАЛОГ И СОРАБОТКА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА.

- ПОДДРШКА НА ИНТЕРКУЛТУРНА СОРАБОТКА И МЕЃУЕТНИЧКИ ДИЈАЛОГ

- ОСТВАРУВАЊЕ НА МИЛЕНИУМСКИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ ПРЕКУ ОВОЗМОЖУВАЊЕ НА ПОДОБАР И ЕДНАКОВ ПРИСТАП ЗА СОЦИЈАЛНО МАРГИНАЛИЗИРАНИ ГРУПИ

- РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ ПРЕКУ ВМРЕЖУВАЊЕ СО РАЗЛИЧНИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ ОД РЕГИОНОТ И ПРЕКУ-ГРАНИЧНА СОРАБОТКА

- НАМАЛУВАЊЕ НА РАЗЛИКАТА ВО РАЗВОЈОТ ПОМЕЃУ УРБАНИТЕ И РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ВО НАШИОТ РЕГИОН

- ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА ЖИТЕЛИТЕ ОД ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

- ПРОМОВИРАЊЕ НА ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ, СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРИОРИТЕТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА (УНЕСКО), И КАКО ЛОКАЛЕН КЛУБ ЌЕ РАБОТИ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ВО СОГЛАСНОСТ СО НИВНИТЕ ПРЕПОРАКИ И ПРОГРАМИ

- ПРОМОЦИЈА НА ОДРЖЛИВИ ФОРМИ НА ТУРИЗАМ

# ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОДРЖЛИВ ТУРИЗАМ

ГЛАВНАТА ЦЕЛ НА ОВАА ПРОГРАМА Е ДА ГО ПОДДРЖИ РАЗВОЈОТ НА ОДРЖЛИВИ ФОРМИ НА ТУРИЗАМ СО ШТО ЌЕ СЕ ОВОЗМОЖИ ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ И КОНКУРЕНТНОСТА НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО СТРУГА И ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН. РЕГИОНОТ СО ПРЕКРАСНИТЕ ПЛАНИНИ И НАЦИОНАЛНИ ПАРКОВИ, ЧИСТИ ЕЗЕРА И ПРИЈАТНА КЛИМА, КУЛТУРНО-ИСТОРИСКИ И ДУХОВНИ СПОМЕНИЦИ ЗАШТИТЕНИ ОД УНЕСКО КАКО СВЕТСКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО, ИМА ГОЛЕМ ПОТЕНЦИЈАЛ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ И НУДИ МОЖНОСТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ПРЕКУ ВМРЕЖУВАЊЕ СО РАЗЛИЧНИ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ ОД РЕГИОНОТ И ПРЕКУ СОРАБОТКА НА РЕГИОНАЛНИ И ПРЕКУ – ГРАНИЧНИ ПРОЕКТИ.

ПРОЕКТ

# ПОДДРШКА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ ВО ЈАБЛАНИЦА И РЕГИОНОТ ОКОЛУ ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

***ЗА ПРОЕКТОТ:***

ГЛАВНА ЦЕЛ НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДА ГО ПОДДРЖИ РАЗВОЈОТ НА ОДРЖЛИВ ПРИРОДЕН И РУРАЛЕН ТУРИЗАМ ВО РЕГИОНОТ НА ЈАБЛАНИЦА И ОКОЛУ ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО, ПРЕКУ ПОМАГАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ЖИТЕЛИ ДА ЗАПОЧНАТ И ДА УПРАВУВААТ СО МАЛИ БИЗНИСИ ОД СФЕРАТА НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ. СИТЕ МОМЕНТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ОД СТРАНА НА ЈАВНИОТ И ПРВАТНИОТ СЕКТОР СЕ ФОКУСИРАНИ НА ГРАДОВИТЕ (ОХРИД И СТРУГА), А РУРАЛНИТЕ ДЕЛОВИ СЕ ВО ГОЛЕМА МЕРКА ЗАПОСТАВЕНИ. ИАКО ПРОГРАМАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ (ИПАРД) Е ДОСТАПНА, ЛОКАЛНИТЕ ЖИТЕЛИ НЕ СЕ ДОВОЛНО ИНФОРМИРАНИ КАКО ДА ГИ ИСКОРИСТАТ ОВИЕ СРЕДСТВА ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА. ЖИТЕЛИТЕ ОД РУРАЛНИТЕ ДЕЛОВИ ОКОЛУ ОХРИДСКО ЕЗЕРО И ЈАБЛАНИЦА НЕМААТ ДОВОЛНО ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ ДА РАЗВИВААТ МАЛИ БИЗНИСИ ПОВРЗАНИ СО РУРАЛЕН ТУРИЗАМ. ОТСЕЛУВАЊЕТО Е ЕДЕН ОД НАЈГОЛЕМИТЕ ПРОБЛЕМИ СО КОЈ ОВИЕ СЕЛА СЕ СООЧУВААТ. ОПШТИНИТЕ НЕМААТ ДОВОЛЕН КАПАЦИТЕТ ДА СЕ СПРАВАТ СО ОВИЕ НЕГАТИВНИ ТРЕНДОВИ. НЕ Е РАЗВИЕНА СТРАТЕГИЈА ИЛИ АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ПРИРОДЕН И РУРАЛЕН ТУРИЗАМ.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***

МАРТ 2011 – ДЕКЕМВРИ 2012

***СОРАБОТНИЦИ:***

- МАШАВ – ИЗРАЕЛСКА АГЕНЦИЈА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И РАЗВОЈ
- ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ – ОХРИД
- МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО ВО РМ
- ГИЗ - ГЕРМАНСКО ДРУШТВО ЗА ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

***РЕЗУЛТАТИ:***

- ТРИДЕНЕЛНА СТУДИСКА ПОСЕТА ВО ИЗРАЕЛ (МАРТ 2011)
- ИЗРАЕЛСКА КОНСУЛТАНТСКА МИСИЈА ВО МАКЕДОНИЈА (НОЕМВРИ 2011)
- ДВОНЕДЕЛНА ОБУКА ЗА 35 ТРЕНЕРИ ВО ОБЛАСТА НА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ (МАРТ 2012)

***ПОДДРЖАНО ОД:***

MASHAV

giz

Macedonian-German development cooperation

EDEN Tourism Cluster of Southwest Macedonia

# ПРОГРАМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И СОЦИЈАЛНО ВКЛУЧУВАЊЕ

ПРОГРАМАТА ОВОЗМОЖУВА ПОДОБАР И ЕДНАКОВ ПРИСТАП НА СОЦИЈАЛНО МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ГРУПИ (ЖЕНИТЕ, СТАРИТЕ, МЛАДИТЕ И НЕВРАБОТЕНИТЕ ЛИЦА) КОН НЕФОРМАЛНО И ДОЖИВОТНО ОБРАЗОВАНИЕ, НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА И НЕВРАБОТЕНОСТА. НИЗ СОЦИЈАЛНАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА ОВИЕ ГРУПИ ПРОГРАМАТА ПОМАГА ПРИ ОСТВАРУВАЊЕТО НА МИЛЕНИУМСКИТЕ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ.

# ИПА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА
# *ЖЕНСКА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА ЗА ПРОМЕНА*

***ЗА ПРОЕКТОТ:***

ГЛАВНАТА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ Е ДА СЕ ОВОЗМОЖИ И ЗАБРЗА СОЦИЈАЛНАТА ИНТЕГРАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ КОИ ДОЛГО ВРЕМЕ СЕ НЕВРАБОТЕНИ И НА МЛАДИТЕ ЖЕНИ КОИ ШТОТУКУ ИЗЛЕГЛЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД И ЖИВЕАТ ВО РУРАЛНИТЕ И УРБАНИТЕ ДЕЛОВИ НА ПРЕКУГРАНИЧНИОТ РЕГИОН МАКЕДОНИЈА – АЛБАНИЈА. ОВА ЌЕ ГО ПОСТИГНЕМЕ СО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЖЕНИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПРЕКУ ОБУКИ ЗА ЛИДЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ, СТУДИСКИ ПАТУВАЊА И ПРЕКУГРАНИЧНИ СРЕДБИ. АКТИВНОСТИТЕ ОД ОВОЈ ПРОЕКТ ЌЕ ПРИДОНЕСАТ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ПРЕКУГРАНИЧНАТА СОРАБОТКА НА ТРИ НИВОА. ПРВОТО НИВО Е СОРАБОТКА МЕЃУ ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ. ВТОРОТО НИВО Е ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ДИРЕКНО ПОМЕЃУ ЖЕНИТЕ - УЧЕСНИЧКИ. ТРЕТОТО НИВО Е ИНСТИТУЦИОНАЛНО НИВО – ЌЕ ПОСТИГНЕМЕ СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ПРЕТСТАВНИЦИТЕ ОД ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО ДВАТА ГРАДА СО ТОА ШТО ЌЕ ИМ ОВОЗМОЖИМЕ ДА ПРИСУСТВУВААТ НА ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ КОНФЕРЕНЦИИ И СТУДИСКИ ПАТУВАЊА.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***

АПРИЛ 2011 – АПРИЛ 2012

***СОРАБОТНИЦИ:***

НВО ***УНЕ ГРУАЈА*** ПОГРАДЕЦ

***РЕЗУЛТАТИ:***

- КРЕИРАНА Е И ПУШТЕНА ВО ЕТЕРОТ ЕДИНАЕСЕТМЕСЕЧНА ПРОМОТИВНА КАМПАЊА КОЈА ВКЛУЧУВА 10 МЕСЕЧНО ЕМИТИРАЊЕ НА РЕКЛАМИ НА ТВ, ДВЕ РЕКЛАМИ КОИ ИЗВЕСТУВААТ ЗА БЕСПЛАТНИТЕ ОБУКИ, 300 ПОСТЕРИ, 1500 ФЛАЕРИ И 400 ЕДУКАТИВНИ ПРИРАЧНИЦИ
- СОЗДАДЕНИ СЕ ДВЕ ОБУКИ ОД ПО ШЕСТ ДЕЛА-СЕСИИ КОИ СЕ ИЗВРШЕНИ ВО ПЕРИОД ОД 6 МЕСЕЦИ. 60 ЖЕНИ (50% ОД РУРАЛНИ ОБЛАСТИ И ПОМЛАДИ ЖЕНИ КОИ ВЛЕГУВААТ ВО РАБОТНАТА СИЛА ЗА ПРВПАТ) ЌЕ УЧЕСТВУВААТ НА ОБУКИТЕ
- ДВА ПОМАЛИ ЈАВНИ НАСТАНИ И 2 СТУДИСКИ ПАТУВАЊА БЕА ОРГАНИЗИРАНИ ЗА 6 МЕСЕЦИ
- 20 ЛОКАЛНИ СОЦИЈАЛНИ СЛУЖБИ И ПРЕТСТАВНИЦИ НА УНИВЕРЗИТЕТИ ОД ЦЕЛНИТЕ ОПШТИНИ УЧЕСТВУВАА НА ПОГРАНИЧНАТА СРЕДБА

***ПОДДРЖАНО ОД:***

*ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА*

# ПРОГРАМА ЗА МЛАДИ

ПРОГРАМАТА ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ГИ ЗАЈАКНЕ МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ОД СТРУГА И ЈУГОЗАПАДНИОТ РЕГИОН ВО МАКЕДОНИЈА СО ТОА ШТО ЌЕ ИМ ОБЕЗБЕДИ МОЖНОСТИ КОИ БИ ИМ ГО ПРОМЕНИЛЕ ЖИВОТОТ.

· НИЕ ОБЕЗБЕДУВАМЕ МОЖНОСТИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ИСКУСТВА И ВОЛОНТЕРСТВОТО.

СЕКОЈА ГОДИНА, ЛОКАЛНИТЕ МЛАДИ ЛУЃЕ ИМААТ МНОГУ МОЖНОСТИ ДА БИДАТ ДОМАЌИН ИЛИ ДА УЧЕСТВУВААТ НА МЛАДИНСКИ РАЗМЕНИ И ОБУКИ НИЗ ЕВРОПА. ТИЕ РАЗВИВААТ НОВИ ПРИЈАТЕЛСТВА, УЧАТ ЗА КУЛТУРИТЕ И ОБИЧАИТЕ НА ДРУГИ ЗЕМЈИ НА ЕУ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА „МЛАДИ ВО АКЦИЈА". ПРЕКУ НАШАТА ПРЕКУГРАНИЧНА ПРОГРАМА СО АЛБАНИЈА И ГРЦИЈА ИМ ПОМАГАМЕ НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ОД БАЛКАНОТ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ ЕДНИ СО ДРУГИ И ДА РАБОТАТ ЗАЕДНО НА РАЗВОЈОТ НА ДОБРОСОСЕДСКИТЕ ОДНОСИ И ЗАЕДНИЧКИТЕ ПРОЕКТИ.

· НИЕ ГИ ЗБЛИЖУВАМЕ МЛАДИТЕ ВО МУЛТИКУЛТУРНО И ДЕМОКРАТСКО ОПШТЕСТВО.

СО ОРГАНИЗИРАЊЕ КАМПОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА МЛАДИ ЛУЃЕ, НИЕ ОБЕЗБЕДУВАМЕ МОЖНОСТИ КОИ ИНСПИРИРААТ И ПОДДРЖУВААТ ЛИДЕРСТВО ВО МЛАДИТЕ ЛУЃЕ НА ВОЗРАСТ ОД 12-30. НА НАШИТЕ КАМПОВИ, МЛАДИТЕ ЛУЃЕ МОЖАТ ДА ЈА ЗГОЛЕМАТ НИВНАТА САМОДОВЕРБА, ДА РАЗВИЈАТ КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ, ДА ЈА ИЗОСТРАТ СПОСОБНОСТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ И ДА НАУЧАТ ЗА ПАРТИЦИПАТИВНАТА ДЕМОКРАТИЈА. НИЕ ИМ ДАВАМЕ МОЖНОСТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА НИВНИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ И ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ, ДА НАУЧАТ КАКО ДА СОРАБОТУВААТ СО РАЗЛИЧНИ ЕТНИЧКИ ГРУПИ И ДА СТАНАТ АКТИВНИ ГРАЃАНИ КОИ СЕ ВО МОЖНОСТ ДА РАЗВИЈАТ И ДА УЧЕСТВУВААТ ВО ПРОЕКТИ КОИ БИ И ПОМОГНАЛЕ НА ЗАЕДНИЦАТА.

· НИЕ ЈА ОХРАБРУВАМЕ НИВНАТА КРЕАТИВНОСТ И ОРИГИНАЛНОСТ.

НИЕ ОРГАНИЗИРАМЕ И ПОДДРЖУВАМЕ НАСТАНИ ПОВРЗАНИ СО МУЗИКА И ВИЗУЕЛНИ УМЕТНОСТИ. ПРЕКУ ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ФЕСТИВАЛИ, ИЗЛОЖБИ НА ФОТОГРАФИИ И МУЗИЧКИ КОНЦЕРТИ, НИЕ ГИ ОХРАБРУВАМЕ МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ДА ГО РАЗВИЈАТ СВОЈОТ ИЗРАЗ, ДА ЈА ИЗГРАДАТ СВОЈАТА САМОДОВЕРБА, ДА ГИ ПОДОБРАТ СВОИТЕ КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ И ДА ИМ ОБЕЗБЕДИМЕ ПОЗИТИВНИ ИСКУСТВА ЗА УЧЕЊЕ ВО БЕЗБЕДНА И ПОДДРЖУВАЧКА ЖИВОТНА СРЕДИНА.

# ДЕМОКРАТСКА ЛАБОРАТОРИЈА
## *ПРВА ФАЗА*

***ЗА ПРОЕКТОТ:***

ЛОКАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ ОД СТРУГА ВО СОРАБОТКА СО СОУ „Д-Р ИБРАХИМ ТЕМО“ ОД СТРУГА И СОУ „МУХАРЕМ ЧОЛАКУ“ ОД ПОГРАДЕЦ, ОД АПРИЛ 2012 ГОДИНА ГИ РЕАЛИЗИРА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ “ДЕМОКРАТСКА ЛАБАРАТОРИЈА”. ВО ПРВАТА ФАЗА БЕА ОДРЖАНИ 6 ДВОДНЕВНИ РАБОТИЛНИЦИ НА ТЕМИ: ЛИДЕРСТВО, КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ, РАЗРЕШУВАЊЕ КОНФЛИКТИ, МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ И ВОЛОНТЕРИЗАМ. ГЛАВНАТА ЦЕЛ БЕШЕ ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА САМОДОВЕРБАТА, КРИТИЧКО РАЗМИСЛУВАЊЕ И СПОСОБНОСТ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИ НА МЛАДИТЕ. СЕ КОРИСТЕА ИНТЕРАКТИВНИ ИГРИ, ГРУПНИ И ИНДИВИДУАЛНИ ВЕЖБИ И ИГРИ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ТИМСКАТА РАБОТА.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***

АПРИЛ 2012 – МАЈ 2012

***СОРАБОТНИЦИ:***

СОУ „Д-Р ИБРАХИМ ТЕМО“ ОД СТРУГА
СОУ „МУХАРЕМ ЧОЛАКУ“ ОД ПОГРАДЕЦ

***РЕЗУЛТАТИ:***

- ВО МАЈ И ЈУНИ 2012 БЕА ОДРЖАНИ 6 ЕДНОДНЕВНИ РАБОТИЛНИЦИ НА ТЕМИ: КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ, ЛИДЕРСТВО, ДЕМОКРАТИЈА, ВОЛОНТЕРИЗАМ, МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ
- ОБУЧЕНИ 30 СРЕДНОШКОЛЦИ ОД СТРУГА И ПОГРАДЕЦ
- ВОСПОСТАВЕНА СОРАБОТКА СО СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ „МУХАРЕМ ЧОЛАКУ“ ОД ПОГРАДЕЦ

***ПОДДРЖАНО ОД:***

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# ЗАПОЗНАЈ ЈА ТВОЈАТА ОПШТИНА - СТРУГА!

*(ВО ТЕК)*

***ЗА ПРОЕКТОТ:***

ОВОЈ ПРОЕКТ САМО ЌЕ ГИ ЗАОКРУЖИ ПРЕТХОДНИТЕ ПРОЕКТИ ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ОД ЛАР. ПРЕКУ ОВОЈ ПРОЕКТ ЌЕ СЕ ЗГОЛЕМИ ТРАНСПАРЕНТНОСТА НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО ОДНОС НА ТЕРМИНИТЕ И ДНЕВНИОТ РЕД НА СЕДНИЦИТЕ НА ГРАДСКИОТ СОВЕТ. ЌЕ СОЗДАДЕМЕ МОДЕЛ НА СОРАБОТКА МЕЃУ ОПШТИНСКИОТ ГРАДСКИ СОВЕТ И ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ ГРУПИ, И ЌЕ СОЗДАДЕМЕ ПОВЕЌЕ МУЛТИЕТНИЧКИ ГРУПИ ОД ИНДИВИДУАЛЦИ СО СЛИЧНИ РАЗМИСЛУВАЊА, КОИ ЌЕ ГО ПРОШИРАТ ДИЈАЛОГОТ КОЈ СЕ ОДРЖУВА ПОМЕЃУ ЕТНИЧКИТЕ ГРУПИ. НАБЉУДУВАЧКОТО ТЕЛО ОД МЛАДИ ЛУЃЕ ЌЕ БИДЕ ВОСПОСТАВЕНО ПРЕКУ ВОЛОНТИРАЊЕ, ГРУПИТЕ ЌЕ БИДАТ ОБУЧУВАНИ ОД ПРОФЕСИОНАЛЦИ И ЌЕ БИДАТ МЕНТОРИРАНИ ЗА ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРОЕКТОТ А ПОТОА ОСАМОСТАЛЕНИ НА КРАЈОТ НА ОБУКИТЕ СО ПОСТОЈАНО МЕНТОРИРАЊЕ ОД ЛАР.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***

ЈУЛИ 2012 – ЈУЛИ 2013

***РЕЗУЛТАТИ:***

- ОБУЧЕНИ МЛАДИ ЛУЃЕ ОД РАЗЛИЧНИ ЕТНИЧКИ ГРУПИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ГРАДСКИОТ СОВЕТ, ОРГАНИЗИРАЊЕ СОСТАНОЦИ КАКО И ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ МОНИТОРИНГ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
- ПОДИГНАТА СВЕСТА КАЈ МЛАДИТЕ ЗА ВАЖНОСТА ОД ГРАЃАНСКОТО УЧЕСТВО ВО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКИТЕ
- ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО НА МЛАДИТЕ УЧЕСНИЦИ ЗА ТОА ШТО ПОДРАЗБИРА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
- ЗГОЛЕМЕНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА ГРАДСКИОТ СОВЕТ

***ПОДДРЖАНО ОД:***

АМБАСАДА НА САД ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

# ПОСВОЈТЕ ПАРК *(ВО ТЕК)*

***ЗА ПРОЕКТОТ:***

ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ Е ДА ЈА ЗГОЛЕМИ СВЕСНОСТА ПОМЕЃУ МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ ВО СФЕРАТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО МАКЕДОНИЈА; ДА ГО ЗГОЛЕМИ НИВОТО НА ЛИЧНА ОДГОВОРНОСТ КАЈ МЛАДИТЕ ЛУЃЕ И ЛОКАЛНИТЕ БИЗНИСИ; И ДА ЈА РАЗУБАВИ УРБАНАТА СРЕДИНА СО КОНКРЕТНИ ЕКО АКЦИИ. ПРОЕКТОТ ЌЕ БИДЕ ИМПЛЕМЕНТИРАН ВО 3 ФАЗИ: ОРГАНИЗИРАЊЕ ЗЕЛЕНА АКАДЕМИЈА – ОБУКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА; СОЗДАВАЊЕ 5 УРБАНИ ПАРКОВИ ВО ОПШТИНА СТРУГА; ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПРОМОТИВЕН НАСТАН „ЗЕЛЕН САЕМ“.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***

АВГУСТ 2012 – АВГУСТ 2013

***ИМПЛЕМЕНТАТОР:***

U.S. STATE ALUMNI ОД МАКЕДОНИЈА

***ПАРТНЕРИ:***

- ЗГ “ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ” – СТРУГА
- ЛОКАЛНИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ОД СТРУГА:

- СОУ “5ТА ПРИВАТНА ГИМНАЗИЈА”
- СОУ “НИКО НЕСТОР”
- СОУ “Д-Р ИБРАХИМ ТЕМО”
- ЈАХЈА КЕМАЛ КОЛЕЏ

***АКТИВНОСТИ:***

- ОРГАНИЗИРАНА 3 МЕСЕЧНА „ЗЕЛЕНА АКАДЕМИЈА“ ЗА 4 СРЕДНИ УЧИЛИШТА
- ОБУЧЕНИ 80 МЛАДИ НА СЛЕДНИВЕ ТЕМИ: ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА, КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ, ПЕРМАКУЛТУРА, ГРАДИНАРСТВО, ШУМИ, ЗАГАДУВАЊЕ НА ПОЧВА, ВОДА И ВОЗДУХ, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И УЛОГАТА НА ГРАЃАНИТЕ
- ОРГАНИЗИРАНИ 5 СТУДИСКИ ПАТУВАЊА: ХИБРИДНА КУЌА БРАТИНДОЛ ВО БИТОЛА; СОНЧЕВА ЦЕНТРАЛА ГЕРМИЈАН ВО БИТОЛА; ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ; КОМПАНИЈА ЗА ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ “ХОРТИ ЕКСПЕРТ” ВО СКОПЈЕ; ПРОДАВНИЦАТА ЗА ОРГАНИСКА ХРАНА “БИОКУЛТ” ВО СКОПЈЕ
- ДОДЕЛЕНИ СЕРТИФИКАТИ НА УЧЕСНИЦИТЕ НА “ЗЕЛЕНАТА АКАДЕМИЈА”

***ПОДДРЖАНО ОД:***

STATE ALUMNI

EMBASSY OF THE UNITED STATES OF AMERICA

# ЕКСКУРЗИЈА *ЗАПОЗНАЈ ЈА МАКЕДОНИЈА*

***ЗА ПРОЕКТОТ:***
ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ "ЈОСИП БРОЗ ТИТО" ОД СТРУГА. ОВАА АКТИВНОСТ СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ВО ЈУЛИ 2012 ГОДИНА ОД ЛАР СТРУГА И БЕШЕ ПОДДРЖАНА ОД СТРАНА НА ПРИВАТНА ДОНАЦИЈА ОД МАСЕТИ ЛУЦИЈА ОД ИТАЛИЈА. ГЛАВНАТА ЦЕЛ НА ОВАА АКТИВНОСТ БЕШЕ ДА СЕ ОРГАНИЗИРА ТИМСКА РАБОТА ЗА ГРУПА НА МЛАДИ ЛУЃЕ ОД ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ ВО СТРУГА КАКО И ДА ИМ ПОМОГНЕ НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ДА ЈА ЗАПОЗНААТ СВОЈАТА РОДНА ЗЕМЈА И СИТЕ УБАВИНИ ШТО ТАА ШТО МОЖЕ ДА ГИ ПОНУДИ.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***
ЈУЛИ 2012

***РЕЗУЛТАТИ:***
- ОРГАНИЗИРАНА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА 20 УЧЕНИЦИ ОД ОУ „ЈОСИП БРОЗ ТИТО" – СТРУГА ВО С.КУРАТИЦА - ОХРИДСКО
- ОДРЖАНА ЦЕЛОДНЕВНА ОБУКА СО ИНТЕРАКТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ ЗА ТИМСКА РАБОТА
- ОСНОВЦИТЕ ЗАПОЗНАЕНИ СО НАЧИНОТ НА ЖИВОТ ВО МАКЕДОНСКИТЕ СЕЛА
- СНИМЕНО ВИДЕО ЗА ЕКСКУРЗИЈАТА

***ПОДДРЖАНО ОД:***
МАСЕТИ ЛУЦИЈА - ФИЛАНТРОП ОД ИТАЛИЈА

# ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***ЗА ПРОЕКТОТ:***

ПРОЕКТОТ ОПФАЌА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕС НА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО МАКЕДОНИЈА, ВО ПОЛЕТО НА УЧЕСТВО НА ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ВО ПРОЦЕСИТЕ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ НА ЛОКАЛНО И НАЦИОНАЛНО НИВО. ПРОЦЕСОТ НА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ЌЕ ПРОДУЦИРА ПЕРИОДИЧНИ И ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ. СО ОВОЈ ПРОЕКТ ДИРЕКТНО ЌЕ СЕ ДЕЛУВА КОН ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА, ПРЕКУ ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДЕТЕ ПРАВОБРАНИТЕЛ КАКО И КОН ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА УЧИЛИШНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРОЦЕСИТЕ НА ИЗБОРИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ ВО УЧИЛИШТАТА.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***

МАЈ 2011 – ДЕКЕМВРИ 2013 ГОДИНА

***ИМПЛЕМЕНТАТОР:***

КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ “СЕГА” ОД ПРИЛЕП

***ПАРТНЕРИ:***

- ЗГ “ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ” – СТРУГА (ЛОКАЛЕН КООРДИНАТОР)

***РЕЗУЛТАТИ:***

- ПРИСВОЕН ПРИРАЧНИК ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КЛАС/ОДДЕЛЕНИЕ НА ДЕМОКРАТКИ НАЧИН ВО 1 ОСНОВНО И 1 СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ВО СТРУГА
- СПРОВЕДЕН МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА КОНВЕНЦИЈАТА ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО ВО 1 ОСНОВНО И 1 СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ВО СТРУГА, ОПФАТЕНИ 40 УЧЕНИЦИ И 10 ЧЛЕНОВИ НА СТРУЧНИ СЛУЖБИ, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ПРИ ЛОКАЛНИ ИНСТИТУЦИИ И НОВИНАРИ
- ВОСПОСТАВЕН МОДЕЛ НА ДЕТЕ ПРАВОБРАНИТЕЛ ВО 1 СРЕДНО И 1 ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
- ФОРМИРАНИ УЧИЛИШНИ ЗАЕДНИЦИ ВО 1 СРЕДНО И 1 ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
- РЕАЛИЗИРАНИ 34 РАБОТИЛНИЦИ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО, КОНВЕНЦИЈА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО, СПЕЦИФИЧНА УЛОГА НА ДЕТЕТО ПРАВОБРАНИТЕЛ, ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ СО ПРОЕКТЕН ЦИКЛУС, ОПФАТЕНИ ПРЕКУ 400 УЧЕНИЦИ

***ПОДДРЖАНО ОД:***

Pestalozzi Children’s Foundation

# МЕЃУКУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ ПОМЕЃУ МЛАДИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***ЗА ПРОЕКТОТ:***

ЦЕЛТА НА ИНИЦИЈАТИВАТА Е ЗАЈАКНУВАЊЕ И ПРОМОЦИЈА НА МЕЃУКУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ДЕЛОВИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА КАДЕ ШТО ЖИВЕАТ МЛАДИ ЛИЦА СО РАЗЛИЧНО ЕТНИЧКО ПОТЕКЛО. ВО СОСТАВ НА АКТИВНОСТИТЕ, БЕШЕ ФОРМИРАН ТИМ ОД ТРЕНЕРИ (ПЕЕР-ЕДУКАТОРИ) КОИ ОДРЖАА РАБОТИЛНИЦИ НА ТЕМИ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУКУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***

СЕПТЕМВРИ 2012 – ДЕКЕМВРИ 2012 ГОДИНА

***ИМПЛЕМЕНТАТОР:***

КОАЛИЦИЈА НА МЛАДИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ "СЕГА" ОД ПРИЛЕП

***ПАРТНЕРИ:***

- ЗГ "ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ" – СТРУГА (ЛОКАЛЕН КООРДИНАТОР)

***АКТИВНОСТИ:***

- ОРГАНИЗИРАНИ 16 РАБОТИЛНИЦИ НА ТЕМИ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУКУЛТУРНИОТ ДИЈАЛОГ ВО СОУ "НИКО НЕСТОР" И СОУ "Д-Р ИБРАХИМ ТЕМО" ВО СТРУГА
- ОБУЧЕНИ 250 СРЕДНОШКОЛЦИ НА СЛЕДНИВЕ ТЕМИ: ФОРМАЛНО, НЕФОРМАЛНО ИНФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ; ПОВРАТНА ИНФОРМАЦИЈА; СТЕРЕОТИПИ И ПРЕДРАСУДИ
- ОРГАНИЗИРАН КОНКУРС ЗА НАЈДОБРА ЛИКОВНА ТВОРДБА НА ТЕМА "МЕЃУКУЛТУРЕН ДИЈАЛОГ" НА КОЈ УЧЕСТВУВАА 20 УЧЕНИЦИ
- ДОДЕЛЕНИ СЕРТИФИКАТИ ЗА ОСВОЕНО 1ВО, 2РО И 3ТО МЕСТО НА ЛИКОВНИОТ КОНКУРС
- ДОДЕЛЕНИ СЕРТИФИКАТИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРОЕКТОТ И БЛАГОДАРНИЦИ НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ДВЕТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

***ПОДДРЖАНО ОД:***

Центар за ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ - ЦИРа

CIVICA mobilitas

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

ПРОЕКТ

# МЛАДИНСКА РАЗМЕНА *ЗЕЛЕНО СЕКОЈДНЕВИЕ – МЛАДИТЕ И СТАРИТЕ ЗАЕДНО ПРОТИВ МЛАДИНСКАТА НЕВРАБОТЕНОСТ*

***ЗА ПРОЕКТОТ:***

ПРОЕКТОТ Е ФОКУСИРАН ВРЗ РАЗВОЈОТ НА КРИТИЧКОТО РАЗМИСЛУВАЊЕ И ИНОВАТИВНОТО РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ СО КОИ СЕ СООЧУВААТ МЛАДИТЕ НЕВРАБОТЕНИ КОИ ПОТЕКНУВААТ ОД ИЗОЛИРАНИ ГЕОГРАФСКИ РЕГИОНИ ПРЕКУ СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА ИСКУСТВА СО ЛУЃЕ ОД РАЗЛИЧНИ ДРЖАВИ. ЦЕЛТА НА ПРОЕКТОТ БЕШЕ ДА СЕ НАПРАВИ ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА НА ПРИЧИНИТЕ ЗА МЛАДИНСКАТА НЕВРАБОТЕНОСТ И ПРЕВЗЕМАЊЕ ИНОВАТИВНИ ЧЕКОРИ ЗА СОЦИЈАЛНА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ НЕВРАБОТЕНИ ВО РАМКИ НА БУГАРСКИ ПЛАНИНСКИ РЕГИОН ЗБОГАТЕН СО ДОБРА ПРАКСА И ИСКУСТВО НА УЧЕСНИЦИТЕ ОД ПАРТНЕРИТЕ ВО ОВОЈ ПРОЕКТ.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***

12 ЈУЛИ 2012 – 26 ЈУЛИ 2012

***ИМПЛЕМЕНТАТОР:***

НВО НАЦИОНАЛНО ДВИЖЕЊЕ "БУГАРСКО НАСЛЕДСТВО" ОД СОФИЈА

***ПАРТНЕРИ:***

- ЗГ "ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ" – СТРУГА
- НВО "РАБОТА И ЖИВОТ" – ГЕРМАНИЈА
- "АКАДЕМИЈА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНИ ОДНОСИ" – МОСКВА
- "СЛАВИЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ" – БАКУ, АЗЕРБЕЏАН

***АКТИВНОСТИ:***

- ОРГАНИЗИРАНИ 7 ЕДНОДНЕВНИ РАБОТИЛНИЦИ ПОВРЗАНИ СО НЕВРАБОТЕНОСТА НА МЛАДИТЕ
- СПРОВЕДЕНО ЕДНОДНЕВНО ИСТРАЖУВАЊЕ ПРЕКУ АНКЕТИРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ НА СЕЛО МОМЧИЛОВЦИ СО ЦЕЛ УТВРДУВАЊЕ НА ПРИЧИНИТЕ ЗА ВИСОКАТА СТАПКА НА НЕВРАБОТЕНОСТ ВО СЕЛОТО
- ПОДГОТВЕНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА СО УТВРДЕНИТЕ ПРИЧИНИ ЗА НЕВРАБОТЕНОСТА И МОЖНИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА НЕЈЗИНО НАМАЛУВАЊЕ
- ОРГАНИЗИРАН НАСТАН ПРЕД ЖИТЕЛИТЕ НА СЕЛОТО НА КОИ ИМ БЕА ПРЕЗЕНТИРАНИ РЕЗУЛТАТИТЕ И ИМ БЕА ПРЕДЛОЖЕНИ ИДЕИТЕ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ

***ПОДДРЖАНО ОД:***

Education and Culture DG

'Youth in Action' Programme

Youth

# ПРОЕКТ

# ИЗОСТРЕТЕ ГИ ВАШИТЕ ПРОФЕСИОНАЛНИ СПОСОБНОСТИ

***ЗА ПРОЕКТОТ:***

ОВОЈ ПРОЕКТ Е БИЛАТЕРАЛЕН ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ЧЛЕНКА НА ЕУ, ФРАНЦИЈА. ВОЛОНТЕРОТ ЌЕ РАБОТИ НА ВЕЌЕ ПОСТОЕЧКИ АКТИВНОСТИ ЗА МЛАДИ СОГЛАСНО ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ЛАР. ПРЕКУ ДИРЕКТЕН КОНТАКТ СО ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ НА ПРОЕКТИТЕ И, ИСТО ТАКА, СЕКОЈДНЕВНО СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА, ВОЛОНТЕРОТЌЕ БИДЕ ВО МОЖНОСТ ДА ПРОМОВИРА ПОЗИТИВНИ ВРЕДНОСТИ НА ЕВРОПСКА ДРЖАВА КАКО ШТО Е ФРАНЦИЈА, ЌЕ ИМ ПРЕНЕСЕ НА ЛОКАЛНИТЕ МЛАДИ КАКО ИСТИТЕ ЖИВЕАТ ВО ПАРИЗ, А ЗАЕДНО ЌЕ ЗБОРУВААТ ЗА СЛИЧНОСТИТЕ И РАЗЛИКИТЕ НА ЖИВОТОТ ВО ГОЛЕМ ГРАД КАКО ПАРИЗ И МАЛ КАКО СТРУГА.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***

СЕПТЕМВРИ 2012 - ЈУНИ 2013

***ПАРТНЕРИ:***

SOLIDARITES JEUNESSES - ПАРИЗ, ФРАНЦИЈА

***РЕЗУЛТАТИ:***

- ДИЗАЈНИРАН ГРАФИЧКИ РОМАН ЗА ПРОМОЦИЈА НА МЛАДИНСКИ АКТИВИЗАМ
- ПОНУДЕНА ПОМОШ НА 40 УЧЕНИЦИ ОД ЛОКАЛНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ ЗА ДА ГО ЗГОЛЕМАТ НИВНОТО НИВО НА ПОЗНАВАЊЕ ФРАНЦУСКИ ЈАЗИК
- ДИЗАЈНИРАНИ 10 ВИДЕО ПРИКАЗНИ И ПОМОГНАТА ПРОМОЦИЈАТА НА ПРОЕКТИ ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ОД ЛАР
- ПРОМОВИРАНИ ОПШТИТЕ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА „МЛАДИ ВО АКЦИЈА“ (АКТИВНОТО ГРАЃАНСТВО НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ, СОЛИДАРНОСТ И ТОЛЕРАНЦИЈА МЕЃУ МЛАДИТЕ ЛУЃЕ, НЕГУВАЊЕ ВЗАЕМНО РАЗБИРАЊЕ ПОМЕЃУ МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ВО РАЗЛИЧНИ ЗЕМЈИ, ПРОМОЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ)

***ПОДДРЖАНО ОД:***

Education and Culture DG

‘Youth in Action’ Programme

Youth

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МЛАДИТЕ ВО ПОГРАНИЧНИОТ РЕГИОН НА АЛБАНИЈА И МАКЕДОНИЈА

***ЗА ПРОЕКТОТ:***

ЦЕЛТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ЗАБРЗУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ПОГРАНИЧНИОТ РЕГИОН ОКОЛУ ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ МЕЃУ МЛАДИТЕ ОД ДВЕТЕ ЗЕМЈИ. МЛАДИТЕ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ПОГРАДЕЦ, СТРУГА И ОХРИД СЕ ЗАПОЗНАВААТ МЕЃУСЕБНО И ВОСПОСТАВУВААТ КОНКРЕТНА СОРАБОТКА НА ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ И ПРОЕКТИ. ПРОЕКТОТ СЕ ИМПЛЕМЕНТИРА ПРЕКУ ПОВЕЌЕ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ КОИ КОРИСТАТ РАЗЛИЧНИ МЕТОДОЛОГИИ. ГЛАВЕН ФОКУС Е СТАВЕН ВРЗ ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ ОРГАНИЗИРАЊЕ ОБУКИ ЗА ЛИЧЕН И ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ, КУЛТУРНИ НАСТАНИ И ДЕМОКРАТСКО ОБРАЗОВАНИЕ.

***ВРЕМЕНСКА РАМКА:***

ЈАНУАРИ 2011 – ВО ТЕК

***РЕЗУЛТАТИ:***

• ВО ТЕКОТ НА МАЈ И ЈУНИ 2012 БЕШЕ РЕАЛИЗИРАН ЦИКЛУС ОД 6 РАБОТИЛНИЦИ ЗА 30 УЧЕНИЦИ НА ТЕМА “ДЕМОКРАТСКА ЛАБАРАТОРИЈА – ПРВА ФАЗА”
• ОД 19 ДО 21 ЈУНИ 2012 ВО СТРУГА БЕШЕ ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА НА ТЕМА “ДРУЖЕЊЕ ВО МУЛТИЕТНИЧКА СРЕДИНА” ЗА ДИГИТАЛНО ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРИКАЗНИ ВО СОРАБОТКА СО МЕТАМОРФОЗИС - СКОПЈЕ. НА ОВАА РАБОТИЛНИЦА УЧЕСТВО ЗЕДОА 15 МЛАДИ ЛУЃЕ. УЧЕСНИЦИТЕ ПОДГОТВУВАА СВОИ ДИГИТАЛНИ ПРИКАЗНИ ОД КОИ СЕКОЈА ПРЕНЕСУВАШЕ ПОСЕБНА ПОРАКА
• ОБЈАВЕН КОНКУРС НА АМАТЕРСКИ ФОТОГРАФИИ НА ТЕМА: „ЈАС И МОЈОТ ГРАД - МЕСТА, МОМЕНТИ И ЛУЃЕ“

***ПОДДРЖАНО ОД:***

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ

ВО ПОЧЕТОКОТ НА 2012 ЛАР АНГАЖИРАШЕ УШТЕ ЕДЕН НОВ ЧЛЕН НА ТИМОТ КОЈ ЌЕ РАБОТИ НА РАЗВОЈ НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ. ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА 2011 ЛАР ПРИМИ И ВОЛОНТЕР ОД МИРОВЕН КОРПУС КОЈ ЌЕ ВОЛОНТИРА ДО 2013 ГОДИНА. ОД СЕПТЕМВРИ 2012 ЛАР Е ДОМАЌИН НА ТРОЈЦА ВОЛОНТЕРИ ПРЕКУ ЕВРОПСКИ ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС (ЕВС), ДВАЈЦА ОД ПОЛСКА И ЕДЕН ОД ФРАНЦИЈА КОИ ЌЕ ПРИДОНЕСУВААТ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И ЌЕ ГО ПРОМОВИРААТ ВОЛОНТЕРИЗМОТ.

# *ЛАР* МЕНТОР НА ЧЕТИРИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

ЛОКАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ, СТРУГА ПРЕКУ ПРОГРАМАТА НА ***ТАКСО*** –ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ИПА ЗЕМЈИТЕ - ФАЗА II, БЕШЕ МЕНТОР ОРГАНИЗАЦИЈА И ПРЕКУ ПОДУЧУВАЊЕ, КОНСУЛТАНТСКА ПОДДРШКА, РАБОТИЛНИЦИ И ОБУКИ ГИ РАЗВИВАШЕ КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЧЕТИРИ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ:

• 3Г ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ЖИВОТ,ТЕТОВО
• СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА - РЕГИОНАЛНА КОМОРА, ОХРИД
• ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ЕГИПЌАНИТЕ ИЗИДА 41/21, РЕСЕН
• ЦЕНТАР ЗА ПОМОШ И ИНТЕГРИРАЊЕ НА НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ И РАЗВИЕНИТЕ ПОДРАЧЈА ВО ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, КИЧЕВО

ВО ПРВАТА ФАЗА ЛАР СТРУГА НА ИЗБРАНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ИМ ЈА ПОНУДИ СВОЈАТА МЕНТОРСКА ПОДДРШКА ПРИ ПРОЦЕСОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИСКА САМОПРОЦЕНКА. ВО ПЕРИОДОТ ОД СЕПТЕМВРИ ДО ДЕКЕМВРИ 2012 МЕНТОРСКА ПОДДРШКА СЕ СОСТОЕШЕ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ ПРЕКУ СЕМИНАРИ,ОБУКИ И ПОДУЧУВАЊЕ.

ВО ВТОРАТА ФАЗА ОД ПРОЦЕСОТ НА МЕНТОРИРАЊЕ БЕА СПРОВЕДЕНИ ЧЕТИРИ ТРЕНИНГ МОДУЛИ И ТОА:
- РАЗВОЈ НА ПРОГРАМА ЗА ВОЛОНТЕРИ И АКРЕДИТАЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС (ЕВС)
- СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ И ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА
- ПРОЕКТЕН МЕНАЏМЕНТ
- ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

***ИМЕ НА ОБУКАТА:*** ЕВРОПА ВО ФОКУСОТ: ВЛЕЗОТ НА МАКЕДОНИЈА ВО ЕУ КАКО ЗАДАЧА ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИ

***ДАТУМ:*** 2РИ СЕПТЕМВРИ – 9ТИ СЕПТЕМВРИ 2012

***МЕСТО:*** ВИЗНЕК, БУХЕНБАХ, ГЕРМАНИЈА

***ОРГАНИЗАТОР:***
- ПОКРАИНСКА ЦЕНТРАЛА ЗА ПОЛИТИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ БАДЕН – ВИРТЕНБЕРГ, ГЕРМАНИЈА
- ОБРАЗОВЕН ЦЕНТАР ВИЗНЕК, БУХЕНБАХ
- ФОНДАЦИЈА ФРИДРИХ ЕБЕРТ – СКОПЈЕ
- ДВВ ИНТЕРНАЦИОНАЛ – СКОПЈЕ

---

***ИМЕ НА ОБУКАТА:*** “ГЕРМАНСКО-МАКЕДОНСКАТА ТРЕНИНГ ПРОГРАМА И МРЕЖА ЗА ПРОФЕСОРИ, ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРОМОТОРИ”

***ДАТУМ:*** МАЈ 2011-МАЈ 2013

***МЕСТО:*** ЕБЕРСВАЛДЕ, ГЕРМАНИЈА

***ОРГАНИЗАТОР:***
- ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕСТВО, ОХРИД
- УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ЕБЕРСВАЛДЕ, ГЕРМАНИЈА

---

***ИМЕ НА ОБУКАТА:*** РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА

***ДАТУМ:*** 26 СЕПТЕМВРИ 2012 - 28 СЕПТЕМВРИ 2012

***МЕСТО:*** ЗАДАР, ХРВАТСКА

***ОРГАНИЗАТОР:***
- EUROPEAN CITIZEN ACTION SERVICE

# ОРГАНИЗАЦИЈА




ЛОКАЛНАТА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ (ЛАР) ВО СТРУГА Е ОСНОВАНА ВО ЈАНУАРИ 2004 ГОДИНА КАКО ДЕЛ ОД ПРОЕКТОТ „ЛОКАЛНО УПРАВУВАЊЕ ЗА ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ И ЧОВЕЧКИ РАЗВОЈ“ (КЛАСТЕРОТ НА УНДП ЗА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА И ДОБРО УПРАВУВАЊЕ).

ВО РАМКИТЕ НА СВОЕТО 8 ГОДИШНО РАБОТЕЊЕ ЛАР ИМА СПРОВЕДЕНО 38 ПРОЕКТИ СО ПРОЕКТЕН БУЏЕТ ОД ОКОЛУ 450 ИЛЈАДИ ЕВРА.

ЛАР РАСПОЛАГА СО ЦЕЛОСНО ОПРЕМЕНА КАНЦЕЛАРИЈА ОД 50М2 ВО ЦЕНТАРОТ НА СТРУГА.


СОЗДАВАМЕ ОДРЖЛИВИ РЕШЕНИЈА

ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ
ВЛАДО МАЛЕСКИ ТАЛЕ ББ
СТРУГА | МАКЕДОНИЈА

www.ldastruga.org
contact@ldastruga.org